Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Министерството за финансии, постапувајќи по барањето бр.13-6257/1 од 06.07.2026 година поднесено од Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, врз основа на член 125 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22 и 168/24), ја издава следната

ДОЗВОЛА
за приредување на наградна игра

1.Барањето поднесено од Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, СЕ УВАЖУВА.

2.На Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје, МУ СЕ ДОЗВОЛУВА приредување на наградната игра “Лето полно изненадувања“.

3.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, односно да плати износ од 437.329,00 денари пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

4.Доколку Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје не го плати износот наведен во точката 3 во рок од 3 дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе се одземе.

5.Наградната игра ќе се приредува од 28.07.2026 година до 30.09.2026 година.

6.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје наградната игра да ја спроведува без прекин во текот на временскиот период наведен во точката 5.

7.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје да ги објави правилата на наградната игра на интернет страницата www.nelt.com, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од Министерството за финансии и да достави писмен доказ до Министерството за финансии дека правилата се објавени.

8.Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

9.Оваа дозвола влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

Образложение

Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје, согласно член 125 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри до Министерството за

финансии поднесе барање бр.13-6257/1 од 06.07.2026 година за добивање на дозвола за приредување на наградна игра.

Согласно член 125 ставови (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-тековна состојба на трговското друштво, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020260090643 од 06.03.2026 година;

-правила на наградната игра бр.0307-150/2026 од 06.07.2026 година;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/1426-1 од 25.03.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/1426-2 од 25.03.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150020260111904 од 19.03.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150020260111903 од 19.03.2026 година издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

-уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.29-65/1450/2 од 16.03.2026 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија под бр.0905-27/123 од 26.03.2026 година;

-Договор за соработка бр.0307-80/2026 од 26.03.2026 година склучен на ден 16.03.2026 година помеѓу Трговското друштво „НЕЛТ СТ" ДООЕЛ Скопје и Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД" ДООЕЛ Скопје и

- уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 300,00 денари.

Постапувајќи по доставеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија, видно од тековната состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020260090643 од 06.03.2026 година.

Доставеното барање за добивање на дозвола се однесува за играта на среќа- наградна игра, што произлегува од доставените правила на наградната игра бр.0307-150/2026 од 06.07.2026 година, кои се во согласност со член 126 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна-забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна-одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна-привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна-трајна забрана за вршење на одделна дејност видно од потврдите бр.0808-12/1426-1 и бр.0808-12/1426-2 од 25.03.2026 година и бр.0808-50/150020260111904 и бр.0808-50/150020260111903 од 19.03.2026 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје и Трговското друштво „НЕЛТ СТ“ ДООЕЛ Скопје не се пронајдени во Листата на должници бр.07/2026 објавена од Управата за јавни приходи.

Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-27/123 од 26.03.2026 година, со која врз основа на годишната сметка за 2025 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје ќе ја приредува наградната игра во име на Трговското друштво „НЕЛТ СТ“ ДООЕЛ Скопје видно од Договорот за соработка бр.0307-80/2026 од 26.03.2026 година склучен на ден 16.03.2026 година помеѓу Трговското друштво „НЕЛТ СТ“ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје. Целта на наградната игра е рекламирање на производите од портфолиото на Бамби од брендот Плазма. Право на учество во наградната игра имаат сите лица над 18 години кои се граѓани на Република Северна Македонија. За учество во наградната игра потребно е во периодот на нејзиното траење да се купат најмалку 600 грама производи од брендот Бамби Плазма. По исполнување на условот за купување, учесникот на касата добива една картичка на која има прикачено посебно ливче на кое ќе требаа да внесе име, презиме и град. Секоја картичка е добитна и содржи однапред определена награда.Типот на наградата се открива со отворање на картичката на местото предвидено за таа намена. По пополнување на потребните податоци на ливчето, овластен преставник на продажното место му ја доделува на учесникот наградата наведена на картичката. Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата www.nelt.com, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

Согласно член 129 ставови (1), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата. Поради тоа, со точката 3 од диспозитивот на оваа дозвола Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје се задолжува да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на наградите која што изнесува 2.429.603,78 денари односно да плати 437.329,00 денари. Доколку подносителот не го плати надоместокот за приредување на наградната игра пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе му се одземе.

Согласно правилата за наградната игра, а во врска со член 126 став (1) точки 3) и 5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, наградната игра ќе се приредува без прекин во периодот од 28.07.2026 година до 30.09.2026 година на територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на изнесеното, се оцени дека се исполнети условите за издавање на дозвола за приредување на наградната игра на Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје.

24-07-2026

Решено во Скопје на ден ____.____.2026 година, под бр.13-6257/2.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на ова решение до странката.

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

ДОСТАВЕНО ДО: Друштвото за глобални комуникации „ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД“ ДООЕЛ Скопје

Друштво за глобални комуникации
ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД ДОО
Бр. 0307-550/2026
06 07 2026 год.
СКОПЈЕ

**Официјални правила на наградната игра**
"Лето полно изненадувања"

**Организатор на наградната игра**
**Член 1**

Организатор на оваа наградна игра е Греј Ворлдвајд ЛТД Доо Скопје, (во понатамошниот текст „Организатор"), со седиште ул. Московска 17А/2-63, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, во име на ТД НЕЛТ СТ Дооел Илинден, со седиште ул. 32 бр.20 1041 Илинден, Република Северна Македонија.

**Име, траење и цел на наградната игра**
**Член 2**

Името на наградната игра е "Лето полно изненадувања".

Наградната игра ќе почне на 28.07.2026 и ќе заврши на 30.09.2026 година.
Цел на наградната игра е рекламирање на производите од портфолиото на Бамби од брендот Плазма.
Производи кои учествуваат во наградната игра:
Бамби Плазма кекс 75 гр.
Бамби Плазма кекс 150 гр.
Бамби Плазма кекс 300 гр.
Бамби Плазма кекс 600 гр.
Бамби Плазма кекс 800 гр.
Бамби Плазма кекс ДИЕТ 150 гр.
Бамби Плазма кекс Посна 150 гр.

**Член 3**

Наградната игра ќе се спроведува на продажните места на територијата на Република Северна Македонија кои се вклучени во промотивната активност и каде се достапни производите наведени во Член 2.

**Право на учество и начин на учество**
**Член 4**

Право на учество во наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, државјани на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат условите утврдени во овие Правила.

За учество во наградната игра потребно е во периодот на нејзиното траење да се купат најмалку 600 грама производи од брендот Бамби Плазма, при што условот може да се исполни и со комбинација од повеќе пакувања од следните производи:

Република Северна Македонија / Министерство за финансии - Скопје

- Бамби Плазма кекс 75 гр.
- Бамби Плазма кекс 150 гр.
- Бамби Плазма кекс 300 гр.
- Бамби Плазма кекс 600 гр.
- Бамби Плазма кекс 800 гр.
- Бамби Плазма кекс ДИЕТ 150 гр.
- Бамби Плазма кекс Посна 150 гр.

По исполнување на условот за купување, учесникот на касата добива една картичка на која има прикачено посебно ливче на кое ќе треба да внесе Име, Презиме и Град. Секоја картичка е добитна и содржи однапред определена награда. Типот на наградата се открива со отворање на картичката на местото предвидено за таа намена.

За подигнување на наградата, учесникот е должен на задната страна од картичката, на посебното ливче, читливо да ги внесе своите лични податоци (име и презиме и град).

На задната страна од картичката на посебното ливче ќе биде содржана и следната изјава:
„Со пополнување на оваа картичка со бараните податоци, потврдувам дека сум државјанин на Република Северна Македонија и дека сум постар/а од 18 години."

Со учеството во наградната игра учесниците потврдуваат дека се запознаени со овие Правила и дека ги прифаќаат во целост.

Вработените кај Организаторот, вработените во ТД НЕЛТ СТ Дооел Илинден, како и членовите на нивните потесни семејства (родители, деца, брачен другар, брат или сестра), немаат право на учество во наградната игра.

**Евиденција на картичките и доделување на наградите**
**Член 5**

Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, под услов секојпат да ги исполни условите за учество утврдени во овие Правила.

По пополнување на потребните податоци на ливчето, овластен претставник на продажното место му ја доделува на учесникот наградата наведена на картичката.

Картичките заедно со посебните ливчиња, што се пополнети од учесниците се задржуваат на продажното место и се собираат од страна на ТД НЕЛТ СТ Дооел, додека трае и по завршување на наградната игра.

ТД НЕЛТ СТ Дооел е одговорен за собирањето и чувањето на картичките заедно со посебните ливчиња на кои се наведени личните податоци на добитниците.

Продажните места каде што ќе се врши доделување на награди имаат право да ја проверат валидноста на картичките и исполнувањето на условите за учество во наградната игра.

**Член 6**

Целосната сума на наградниот фонд изнесува 2.429.603,78 денари со вклучено ДДВ. Вкупниот број на награди е: 44.025. Организаторот е обврзан да не дава дополнителни награди од било кој вид. Наградниот фонд се состои од следниве награди:

| Име и вид на награда | Количина | Цена на индивидуални награди без ДДВ | Целосна цена на награди без ДДВ | Целосна цена на награди со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 6306385 Плазма Топка Лето 2026 | 8900 | 30,85 ден. | 274.565,00 ден. | 323.986,70 ден. |
| 6306384 Плазма Рекети Лето 2026 | 4450 | 123,40 ден. | 549.130,00 ден. | 647.973,40 ден. |
| 6306383 Плазма Авион Лето 2026 | 2225 | 61,70 ден. | 137.282,50 ден. | 161.993,35 ден. |
| 6306386 Плазма Капче Лето 2026 | 2225 | 92,55 ден. | 205.923,75 ден. | 242.990,03 ден. |
| 6306387 Плазма Несесер/Торбичка Лето 2026 | 2225 | 123,40 ден. | 274.565,00 ден. | 323.986,70 ден. |
| 2042078 Плазма Кекс 75 Г | 24000 | 25,73 ден. | 617.520,00 ден. | 728.673,60 ден. |

НЕЛТ СТ Дооел ги обезбедува наградите и е одговорен за истите.

**Информирање на учесниците**
**Член 7**

Учесниците ќе бидат информирани за правилата, условите за учество и наградниот фонд преку интернет страницата на НЕЛТ СТ https://www.nelt.com и преку промотивни материјали.

**Доделување на наградите и објава на добитници**
**Член 8**

Учесниците кои ќе го исполнат условот за учество со купување на најмалку 600 грама производи Бамби Плазма стекнуваат право на добивање картичка на продажното место.

Секоја картичка е добитна и содржи однапред определена награда. Типот на наградата се открива со отворање на картичката.

По пополнување на потребните податоци на посебното ливче кое е прикачено на картичката, овластен претставник на продажното место ја доделува наградата наведена на картичката.

Доколку по завршување на наградната игра останат недоделени награди поради недоволен број учесници или други објективни причини, истите остануваат во сопственост на ТД НЕЛТ СТ Дооел Илинден.

Имињата на добитниците ќе бидат објавени во рок од три (3) дена од денот на завршувањето на наградната игра, на интернет страницата на НЕЛТ СТ https://www.nelt.com . НЕЛТ СТ е одговорен за креирањето на листата на добитници и нејзиното објавување.

**Член 9**

Предавањето на наградата ќе се врши на касата во самото продажно место од страна на продавачот и Организаторот нема понатамошни одговорности кон добитникот во врска со користењето на добиената награда. Организаторот не е одговорен и нема да подмири никакви трошоци, како и други трошоци кои Организаторот не ги има прифатено во Правилата, ниту за било какви потешкотии при подигнување на наградата или употреба на истата од страна на добитникот.

**Согласност за користење на лични податоци**
**Член 10**

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Нелт СТ Дооел, за користење при реализација на наградата игра за период од (три) месеци. Нелт СТ Дооел има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Нелт СТ Дооел не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 и 294/2021).

**Даноци**
**Член 11**

Даноците за игрите на среќа се на товар на Организаторот, како што наложува законот. ТД НЕЛТ СТ Дооел Илинден гарантира дека предавањето на наградите ќе биде согласно со Правилата.

**Прекинување на наградната игра**
**Член 12**

Наградната игра може да биде прекината доколку се случи виша сила надвор од контрола на Организаторот, согласно член 9 став 4 и 5 од Законот за игри на среќа, а по добивање согласност од Министерство за финансии.

**Поднесување приговор**
**Член 13**

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до Организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците на следната адреса: contact@grey.com.mk Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истиот.

**Објавување на правилата**
**Член 14**

Согласно законот, правилата за наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата https://www.nelt.com по добивање на согласност од страна на Министерството за Финансии, а пред нејзиниот почеток.

**Прифаќање на правилата и овластувањата во случај на спор**
**Член 15**

Со учество во наградната игра, секој учесник се сложува дека ќе ги почитува претходно наведените правила и услови. Доколку се случи несакан спор меѓу Организаторот и учесникот во наградната игра, тој ќе биде решен по договор, но доколку не се достигне заемен договор, спорот меѓу Организаторот и учесникот ќе биде решен на судски спор во суд во Скопје.

Организатор

Друштво за глобални комуникации ГРЕЈ-ВОРЛДВАЈД ЛТД ДОО СКОПЈЕ